# ПОД МАКЕДОНСКОТО НЕБО

МАГАЗИН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

БРОЈ 1 | АВГУСТ, 2024 | ГОДИНА 1




ОДБЕЛЕЖУВАЊА | АНАЛИЗИ | ИНТЕРВЈУА | РЕПОРТАЖИ | НАСТАНИ | КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО | ИСТОРИЈА

CamScanner

ПРОФ. Д-Р МИЛАН ЃОРЃЕВИЌ, ПБФ

# ХРИСТОЦЕНТРИЧНИОТ УНИВЕРЗАЛИЗАМ НА СВЕТИКЛИМЕНТОВОТО ЗАВЕШТАНИЕ[1]



Со конечната победа над иконоборството во 843 година, источното христијанство решително го отфрла духот на дуализмот и уверувањето дека меѓу духовното и материјалното постои непремостлива бездна. Напротив, божественото откровение може да се изрази во уметноста и во другите сфери на културното дејствување и творештво, та преку нив да се оприсутни во создадениот свет. Ова е еден од изворните контексти во кои на христијанскиот Исток се користел изразот „православие" (ὀρθοδοξία), имено – за да укаже дека во Црквата Христова нема место за спротивставеност и исклучивост меѓу духовното и материјалното, меѓу верата и културата, меѓу теологијата и науката.

Во истата таа 843 година во Константиновиот град се враќа прогонетото семејство на благородниот иконопочитател и маченик на Црквата, Свети Сергиј Исповедник. Петнаесет години подоцна, еден од неговите пет сина ќе седне на патријаршискиот престол и ќе остане запомнет во византиската историја како еден од највлијателните пастири и философи на Црквата. Станува збор за Свети Фотиј Велики, познат и како Свети Фотиј Цариградски, писателот на славното сочинение „Библиотека", кое го добило името според неговата лична библиотека во која се обучувале бројни ученици, исчитувајќи ги и коментирајќи ги со него ретките и скапоцени ракописи чувани во неа. Еден од неговите најнадарени ученици по име Константин, ќе го наследи како учител, добивајќи го прекарот „Философ". Подоцна, заедно со својот брат Методиј, тој е испратен во мисија меѓу словенските народи, за пред крајот на животот да го добие монашкото име Кирил.

1 Реферат на свеченото одбележување на државниот празник Св. Климент Охридски во НУБ Св. Климент Охридски, Скопје (2023 г.)

Од оваа точка, смислата на ова духовно родословие веќе станува појасна – појавата на Свети Климент и Наум Охридски не претставува некаков историски исклучок, туку, напротив, тие природно се надоврзуваат на континуитетот на православното предание што го примиле од своите свети учители и тоа им го пренесуваат на следните генерации. Меѓу нив сме и ние, сега и тука, во оваа библиотека. Библиотека што го носи името на големиот учител на православната вера и на писменоста на нашите простори, Свети Климента. Токму преку него ние го добиваме на дар најдоброто и највредното од богочовечката култура на христијанска Византија, имено, завештанието за евангелскиот универзализам на светите отци на Црквата.

Благовестејќи, отците не ги отфрлаат светот и историјата, туку ги прегрнуваат и преку таа прегратка им даруваат смисла и живот. Истото начело важи и за сите други нешта на овој свет: писменоста, образованието, науката, уметноста, творештвото итн. Постренесансното асоцирање на религијата со некои мрачни периоди на човековата историја не е применливо во контекст на православното цивилизациско предание. Нашето пребогатото културно наследство недвосмислено ги демантира ваквите предубедувања. Патрон, покровител и архетип на ова предание е токму Свети Климент Охридски.

Светиклиментовата културна парадигма е втемелена во начелото на соборноста, т. е. католичноста. Според изворното, православно толкување, овој старогрчки збор нема квантитативно, туку квалитативно значење. Имено, католичноста не подразбира просторна и организациска